Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневните настани 08.09.2023

На 07.09.2023 во 14.30 часот во Скопје од полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Гази Баба при СВР Скопје е лишен од слобода малолетник од скопско, поради постоење основано сомнение дека на 20.08.2023 во с.Којлија, скопско одзел предмети од С.З., а потоа ги продал на друго лице. По извршениот службен разговор, малолетникот го пријавил начинот на извршување на кривичното дело, а одземените предмети се пронајдени и вратени на сопственикот. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава за сторено кривично дело „тешка кражба" казнило по чл. 236 од Кривичниот законик.

На 07.09.2023 околу 09.00 часот во Скопје од полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Гази Баба при СВР Скопје се лишени од слобода С.А.(44) и А.М.(55), двајцата од Скопје. Имено, по пресмети мерки и активности е констатирано дека на 07.06.2023 на автобуска постојка во близина на угостителски објект на подрачје на Гази Баба, приврзаните одделе предмет од Н.Т.. При извршениот службен разговор тие го пријавиле начинот на извршување на кривичното дело, а одземениот предмет е пронајден кај нив и ќе биде вратен на сопственикот. Пријаа основано сомнение дека пријавените сторите кривично дело „кражба" казнило по чл.235 и кривичното дело „прикривање" казнило по чл.261 од Кривичниот законик, по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 07.09.2023 во 15.45 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода М.С.(29) од Радовиш, кај кого била пронајдена марихуана. Истиот ден, во 19.00 часот бил лишен од слобода и В.Т. (26) од Радовиш, бидејќи при претрес во неговиот дом извршен со судска наредба била пронајдена марихуана. Лицата биле задржани во Полициската станица Радовиш и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.09.2023 на место викано „Монопол" во Валандово полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица запреле патничко возило „фолксваген" со струмички регистерски ознаки, управувано од А.В. (34) од Струмица. При контролата било констатирано дека возачот со возилото врши јавен превоз на патници, без да поседува соодветна документација. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.09.2023 во 19.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Б.(34) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.09.2023 во 22.45 часот во Струмица полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Ж.К.(18) од Гевгелија, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 178 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 24 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за прекршоци што си прават возачите на мотоцикл. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за минување за затворен сигнал - црвено светло, четири мерки за некористење сигурносен појас...

На 07.09.2023 во 18.30 часот било пријавено дека во Скопје, на ул.„Рилски Конгрес" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „сузуки" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Ц.(54) од Скопје и патничко возило „бмв" со дипломатски регистарски таблички, управувано И.И.(51) од Р. Украина. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.09.2023 во 12.00 часот било пријавено дека во Штип, на ул.„Борис Крајгер", патничко возило „фолксваген туран" со штипски регистарски ознаки, управувано од М.К. (28) од Штип, удрило во пешакот З.Н.(75) од Штип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.Н., констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 07.09.2023 во 17.05 часот било пријавено дека во Кочани на ул„Кеј на револуцијата" се случила сообраќајна несреќа помеѓу два патнички возила со кочански регистарски ознаки, „ауди" управувано од Е.Р.(35) и „пасат" управуван од Д.Г.(47), двајцата од Кочани. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Д.Г., а со телесни повреди се здобиле С.Р.(30) и малолетник, сопатници од возилото „ауди", констатирани во Клиничката болница Штип и ЈЗУ Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 07.09.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Г.(58) од Скопје пријавила дека на кеј „13 Ноември" била касната од куче скитник.

На 07.09.2023 во 11.00 часот било пријавено дека во С.Латинска Река, скопско, запрено патничко возило „нисан терано" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Р.Ј.(63) од истото село, кој бил покрај возилото, се придвижило и удрило во него. На местото на несреќата починал Р.Ј., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.09.2023 во 16.10 часот во Полициската станица Карпош, Е.А.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Миле Поп Јорданов" бил каснат од куче скитник.

На 07.09.2023 во 23.30 часот во Неготино од полициски службеници од Полициската станица Неготино биле лишени од слобода К.С.(28) од демиркаписко и А.Ј.(32) од неготинско, поради тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.09.2023 во 22.05 часот во Штип полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода З.С.(52) од Штип, поради тоа што спречувал полициски службеник во вршење на службени дејства. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.09.2023 во 01.55 часот во Скопје од полициски службеници е лишен од слобода А.А.(27) од Скопје, затоа што се обидел да избега додека тие вршеле службени дејства и физички нападнал еден од нив. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.09.2023 во 16.24 часот во СВР Скопје е пријавено дека во с.Идризово, скопско, во куќа сопственост на М.Ѓ.(50), настанал пожар во кој биле опожарени три соби. Повредени лица нема. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против К.Ф.(51) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 30.11.2022 на ул.„Иво Лола Рибар" во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на приватеноот, при кој притоа пронашле и одзеле кокаин.

На 08.09.2023 околу 00.50 часот во Полициска станица Свети Николе е пријавено дека во општина Лозово, Б.Д.(55) од Крива Паланка паднал од поставена бина и се повредил. Лицето било пренесено во Општата болница Велес каде му се констатирани чајни телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа на Полициска станица Свети Николе.

На 07.09.2023 во 16.40 часот во СВР Битола, А.Н.(44) од Битола пријавила дека во 03.00 часот во казино во Битола, каде била вработена, по претходна расправија, била физички нападната со тврд предмет од незнаната колешка И.Д.(21) од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2023 во 17.30 часот во Куманово од полициски службеници е лишен од слобода А.Д.(38) од Куманово, затоа што околу 16.53 часот пред маркет во населба „Бабин Дол" во Куманово, по претходна расправија, физички го нападнал И.П., при што употребил остар предмет, а притоа и самиот се повредил. Лицата се пренесени во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Увид извршила увидна екипа на СВР Куманово, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.09.2023 во периодот од 15.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 37 возачи, кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-16, Струга-04, Кичево-14, Дебар-03).

На 07.09.2023 во 22.01 часот било пријавено дека на регионалниот пат Неготино-Штип, спрот с.Лесковица, патничко возило „дачиа сандеро" со штипски регистарски ознаки, управувано од П.Ј.(47) од Штип, удрило во диво животно и излетало надвор од коловозот. По несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 07.09.2023 околу 15.30 часот во гостиварско, од полициски службеници од полициска станица Гостивар се лишени од слобода А.А.(32) и Ѕ.И.(31) двајцата од с. Лакавица, гостиварско поступувајќи по пријава според која во с.Страјане, гостиварско, тие со огнено оружје усмртиле два коња. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.А.(60) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 19.07.2023 на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило управувано од приватеноот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува дозвола од надлежен орган.

На 07.09 во 21.40 часот во СВР Битола П.А(65) од Прилеп пријави дека во неговата семејна куќа на ул.„Цане Илиоски" во Прилеп настанал пожар, во кој биле опожарени три простории, при што биле пронајдени починати неговиот брат В.А.(61) и починат татко Љ.А.(92). Пожарот е изгаснат од страна на територијалната противпожарна единица Прилеп. Увид се врши од страна на увидна екипа на ОВР Прилеп, вешто лице и Јавен обвинител, по чија наредба телата на починатите ќе бидат предадени за обдукција.

На 08.09.2023 во 01.40 часот во Полициска одделение Петровец Б.Т.(48) од Скопје пријавила дека од место викано „Куќа Колишевски", кај црква „Света Богородица", во близина на автопат Скопје-Велес се одделечил незнаен свекор С.Т.(71) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.09.2023 во 09.20 часот во Полициска станица Прилеп е пријавено дека во Прилеп е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.К.(63) и Д.Р.(40), двајцата од Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2023 во 20.20 часот во СВР Битола, Г.Т.(41) од Битола пријавил дека околу 12.00 часот по претходни недоразбирања, тој и неговата мајка Е.П. биле физички нападнати од М.М., Д.Н. и уште неколку лица, при што Д.Н. се заканувал со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје 35-годишна жена пријавила дека околу 14.30 часот на подрачјето на Центар била физички нападнатата од незнаниот сопруг Д.Н. (56). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2023 во 01.16 часот СВР Скопје е пријавено дека пред Поликлиника Чаир од екипа итна медицинска помош биле затекнати повредени со остар и тврд предмет Б.П. и А.Л.(21) од Скопје кои, според пријавеното, по претходна меѓусебна расправија физички се пресметале. Лицата се пренесени во Градската општа болница „8 Септември" и Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, а подоцна А.Л. бил лишен од слобода. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.09.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, Ј.Ј.(31) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2023 во 19.10 часот во СВР Скопје М.С.(30) од Скопје пријавил дека во с.Кадино, по претходна расправија, бил физички нападнат од Т.С.(52). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.09.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходни недоразбирања, бил нарушен јавниот ред со меѓусебна пресметка помеѓу Ј.Н.С.(26) и М.П.(36), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.С.(25) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 16.08.2022 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед на приватеноот, при кој притоа пронашле и одзеле марихуана.

На 08.09.2023 во 01.42 часот во СВР Скопје е пријавено дека во Градската општа болница „Наум Охридски" е донесено повреден 17-годишник од Скопје. Според пријавеното, тој околу 01.15 часот на подрачјето на Чаир бил физички нападнат со остар предмет од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2023 во 10.30 часот В.С.(43) од Штип пријавил дека на 01.09.2023 во Штип бил физички нападнат од Т.Н., Н.Н. и Ф.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2023 во 23.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека М.М.(29) во домот во Тетово физички ги нападнал неговата 52-годишна мајка и неговата сестра. Тој претходно пријавил дека неговата сестра му се заканувала со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот по што ќе следува поднесок.

На 07.09.2023 во 20.50 часот во Полициската станица Драчево, А.И.(41) од С.Цветово пријавил дека од домот се одделечил неговиот брат А.И.(36). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.09.2023 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар од затапкано зрно била оштетена шофершајбна од патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.И.(34) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 09.08.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на приватеноот, при кој притоа пронашле и одзеле марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет